# ЦЕЛИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

## ПРЕТОЧУВАЊЕ НА ЧЛЕН 16.3 НА НАЦИОНАЛНО НИВО

Ноември
2017

# ЦЕЛ 16.3

## ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И ПРИСТАП ДО ПРАВДА

**ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ (SDGs)** претставуваат глобален повик за акција за да се стави крај на екстремната сиромаштија, да се обезбеди одржлива иднина и развој на нашата планета и да се овозможи сите луѓе да уживаат еднакво во мир, правда и просперитет. Целите за одржлив развој претставуваат продолжување на постигнувањата на Милениумските развојни цели на Обединетите нации и одат чекор понатаму со утврдување нови приоритети и цели (климатски промени, одржлива потрошувачка, мир, правда) во борбата против сите форми на сиромаштијата.

Документот на Обединетите нации **ЦЕЛИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ,** во којшто се содржани вкупно 17 цели, е усвоен на јубилејното, 70-то Генерално собрание на ОН во 2015 година, од страна на сите 193 земји членки, меѓу кои и Македонија.

**РАЗВИЕНИТЕ 17 ЦЕЛИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ПРЕДВИДУВААТ КОНКРЕТНИ МЕРКИ ЗА БОРБА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА, НЕЕДНАКВОСТА И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ НА СВЕТСКО НИВО И ЈА ОПРЕДЕЛУВААТ ПАТЕКАТА ЗА НАРЕДНИТЕ 15 ГОДИНИ:**

1 СТАВАЊЕ КРАЈ НА СИРОМАШТИЈАТА ВО СИТЕ НЕЈЗИНИ ФОРМИ И СЕКАДЕ

2 СТАВАЊЕ КРАЈ НА ГЛАДТА, ПОСТИГНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНА И ПОДОБРЕНА ИСХРАНА И ПРОМОЦИЈА НА ОДРЖЛИВО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

3 ЗДРАВ ЖИВОТ И БЛАГОСОСТОЈБА КАЈ СИТЕ ВОЗРАСНИ КАТЕГОРИИ

4 ИНКЛУЗИВНО, ЕДНАКВО И КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ И ПРОМОВИРАЊЕ МОЖНОСТИ ЗА УЧЕЊЕ ВО СИТЕ СТАДИУМИ НА ЖИВОТОТ

5 ПОСТИГНУВАЊЕ РОДОВА ЕДНАКВОСТ СО КОЈА ЌЕ ГИ ЗАЈАКНЕМЕ СИТЕ ЖЕНИ И ДЕВОЈКИ

6 ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОСТАПНОСТ И ОДРЖЛИВ МЕНАЏМЕНТ НА ВОДА И КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА СИТЕ

7 ПРИСТАПНА, ОДРЖЛИВА И МОДЕРНА ЕНЕРГИЈА ПО ПРИСТАПНА ЦЕНА ЗА СИТЕ

8 ПРОМОВИРАЊЕ ОДРЖЛИВ И ИНКЛУЗИВЕН ЕКОНОМСКИ РАСТ, ЦЕЛОСНО И ПРОДУКТИВНО ВРАБОТУВАЊЕ И ПРИСТОЈНА РАБОТА ЗА СИТЕ

9 ИЗГРАДБА НА ИЗДРЖЛИВА ИНФРАСТРУКТУРА, ПРОМОВИРАЊЕ ИНКЛУЗИВНА И ОДРЖЛИВА ИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈА И ПОТТИКНУВАЊЕ ИНОВАЦИИ

10 НАМАЛУВАЊЕ НА НЕЕДНАКВОСТА МЕЃУ ЗЕМЈИТЕ И ВНАТРЕШНАТА НЕЕДНАКВОСТ ВО НИВ

11 ИНКЛУЗИВНИ, СИГУРНИ И ОДРЖЛИВИ ГРАДОВИ И ДОМОВИ

12 ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОДРЖЛИВА ПОТРОШУВАЧКА И ПРОИЗВОДСТВО

13 ИТНО ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ПРОТИВ КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ

14 ШТЕДЛИВО И ОДРЖЛИВО КОРИСТЕЊЕ НА ОКЕАНИТЕ, МОРИЊАТА И ДРУГИ МОРСКИ РЕСУРСИ ВО НАСОКА НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

15 ЗАШТИТА, ОБНОВА И ПРОМОВИРАЊЕ НА ОДРЖЛИВА УПОТРЕБА НА КОПНЕНИТЕ ЕКОСИСТЕМИ, ОДРЖЛИВО МЕНАЏИРАЊЕ НА ШУМИТЕ, НАМАЛУВАЊЕ НА ОПУСТОШУВАЊАТА, ЗАПИРАЊЕ НА ДЕГРАДАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗАПИРАЊЕ НА УНИШТУВАЊЕТО НА БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ

16 ПРОМОВИРАЊЕ МИРНИ И ИНКЛУЗИВНИ ОПШТЕСТВА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ, ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРАВДА ЗА СИТЕ И ГРАДЕЊЕ ЕФЕКТИВНИ, ОТЧЕТНИ И ИНКЛУЗИВНИ ИНСТИТУЦИИ НА СИТЕ НИВОА

17 ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА И РЕВИТАЛИЗИРАЊЕ НА ГЛОБАЛНОТО ПАРТНЕРСТВО ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

ШЕСНАЕСЕТТА РАЗВОЈНА ЦЕЛ

**ШЕСНАЕСЕТТАТА РАЗВОЈНА ЦЕЛ, ПРОМОВИРАЊЕ МИРНИ И ИНКЛУЗИВНИ ОПШТЕСТВА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ, ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРАВДА ЗА СИТЕ И ГРАДЕЊЕ ЕФЕКТИВНИ, ОТЧЕТНИ И ИНКЛУЗИВНИ ИНСТИТУЦИИ НА СИТЕ НИВОА,** содржи повеќе потесни цели, и тоа:

**16.1** Значително намалување на сите форми на насилство и поврзани стапки на смртност;

**16.2** Ставање крај на злоупотребата, експлоатацијата, трговијата и на сите форми на насилство и тортура врз деца;

**16.3** Промовирање на владеење на правото на национално и меѓународно ниво и обезбедување еднаков пристап до правда за сите;

**16.4** До 2030 година, значително намалување на незаконското финансиско тргување и тргување со оружје, засилување на наплатата и враќање на украдените средства и борба против сите форми на организиран криминал;

**16.5** Значително намалување на корупцијата и поткупот во сите нивни форми;

16

**16.6** Развивање ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа;

**16.7** Обезбедување респонзивен и инклузивен, партиципативен и репрезентативен процес на донесување одлуки на сите нивоа;

**16.8** Проширување и зајакнување на учеството на земјите во развој во институциите за глобално владеење;

**16.9** До 2030 год., обезбедување правен идентитет за сите, вклучувајќи го регистрирањето на раѓањето;

**16.10** Обезбедување пристап до јавни информации и заштита на основни права во согласност со националната легислатива и меѓународните договори;

**16.А.** Зајакнување на релевантните национални институции, вклучително и преку меѓународна соработка, за градење капацитет на сите нивоа посебно во земјите во развој, спречување на насилството и борба против тероризмот и криминалот.

**16.Б.** Промовирање и спроведување на недискриминаторски закони и политики за одржлив развој.

# РАЗВОЈНА ЦЕЛ

# 16.3

ПРОМОВИРАЊЕ
НА ВЛАДЕЕЊЕ
НА ПРАВОТО НА
НАЦИОНАЛНО И
МЕЃУНАРОДНО
НИВО И
ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
ПРИСТАП
ДО ПРАВДА
ЗА СИТЕ

# РАЗВОЈНА ЦЕЛ 16.3

**РАЗВОЈНАТА ЦЕЛ 16.3** **ПРОМОВИРАЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО НА НАЦИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО НИВО И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ЗА СИТЕ** претставува централен елемент од шеснаесеттата развојна цел и ја препознава поврзаноста на пристапот до правда, намалувањето на сиромаштијата и инклузивниот одржлив развој. Оваа цел обезбедува единствена можност да се даде рефлексија на тоа како националните влади можат да осигурат дека економскиот раст и развој и стратегиите за надминување на сиромаштијата го опфаќаат и пристапот до правда и иницијативите за правно зајакнување како интегрален дел за остварување на овие цели.

**ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА Е ВИТАЛЕН ДЕЛ ОД ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ.** Без пристапот до правда луѓето кои живеат во сиромаштија остануваат изолирани, маргинализирани и исклучени. На светско ниво, дури четири милијарди лица не можат да обезбедат правна заштита, најмногу поради сиромаштијата и нивната маргинализација во општеството. Недостигот од ефективни, отчетни и инклузивни правни институции ги оневозможува маргинализираните и сиромашни заедници да обезбедат ефикасен пристап до правда. Пристапот до правда

за луѓето од заедницата подразбира повеќе аспекти, меѓу кои: соодветен и фер третман од страна на полицијата и судот, гарантирање на правото на недвижности и добра, ефикасна истрага за сторени дејствија на семејно насилство, еднакви придобивки од законите, еднаков пристап и здравствени услуги за лицата кои живеат со ХИВ, Ромите, заштита од дискриминација, стратегии за пристап до бесплатна правна помош и слично.

**СО ЦЕЛ СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА ОД ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ,** Интерсекторската агенција и експертска група за SDG индикатори подготви глобална рамка со предложени индикатори за следење на постигнувањата на целите за одржлив развој. Предложените индикатори за Развојната цел 16.3 се: 1. процентот на жртви на насилство кои го пријавиле инцидентот во последните 12 месеци до надлежни институции или до други расположливи механизми за разрешување на конфликти и 2. неосудени притвореници како дел од целокупната затворска популација.

**ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ИНДИКАТОРИ ПРЕТСТАВУВААТ ГЛОБАЛНИ ОДРЕДНИЦИ** за следење на прогресот на оваа стратешка цел, што подразбира простор и можност националните влади, врз основа на утврдени состојби, анализи и релевантни статистички податоци, да креираат насоки и акциски планови за спроведување на оваа цел. Со оглед на комплексноста и политичката природа на аспектите од развојната цел 16.3, како што се „владеење на правото“ и „пристапот до правда“, овој процес ќе подразбира одредување на националните цели (таргети) и индикатори преку вклучување на сите засегнати релевантни актери преку процеси на национални консултации и дискусии. Воедно, исклучително е важен придонесот на граѓанските организации како во однос на планирањето на идните акции и утврдувањето на мерливи индикатори соодветни на националниот контекст, така и во однос на постојано следење на напредокот на државата во остварување на зацртаните развојни цели.

Брошурата ја подготвија:

Коалиција **„Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници"**
Бул.Климент Охридски 66-1/3, 1000 Скопје
Тел. + 389 2 3 214 269
www.coalition.org.mk

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост – ЕСЕ**
Ул. Максим Горки бр. 20-1-4, Скопје
Тел: 02 3298 295; 3298 296
Факс: 02 3211 453
www.esem.org.mk

Брошурата е поддржана од ФООМ

*визуелното решение на целите за одржлив развој (SDG), стр. 5-6, е преземено од овластените икони, бои и логоа на Обединети Нации
http://www.un.org/sustainabledevelopment/wp-content/uploads/2016/09/UN-Guidelines-for-Use-of-SDG-logo-and-17-icons.September-2016.pdf